ethical journalism network

**Довербата во фокус**: Патот до квалитетно новинарство во Југоисточна Европа и Турција во дигиталната ера

Регионална конференција, 2-3 декември 2024 година, Прес-клуб „Европа“, Брисел

#TrustInMediaSEE

# Изјава и препораки за квалитетно новинарство во Југоисточна Европа и Турција во дигиталната ера

Регионалната конференција на информативните медиуми и групите за поддршка на новинарството, откако ја разгледа и разговараше за актуелната информативна криза во Југоисточна Европа и Турција,

**Сметајќи** дека е потребна итна акција на сите нивоа за да се врати довербата на јавноста во општествената улога на информативните медиуми како даватели на точни, веродостојни и независни информации што е од суштинско значење за демократското живеење,

Препознавајќи дека Европскиот закон за слобода на медиумите и Законот за дигитални услуги, како и други меѓународни декларации вклучувајќи ги и Париската повелба за информации и демократија и Виндхук +30 Декларацијата на УНЕСКО од 2021 година за информациите како јавно добро, ја поткрепуваат важноста од слободни, плуралистички и транспарентни медиуми,

**Нотирајќи** го колапсот на бизнис моделите кои го поддржуваат новинарството од јавен интерес, заедно со континуираното политичко мешање, при што се создаваат уникатни услови во Југоисточна Европа и Турција кои го ослабуваат квалитетното новинарство и ја поткопуваат довербата на јавноста,

**Свесни** за кризата на медиумската одржливост и потребата од нови текови на финансирање со цел да се поддржи новинарството од јавен интерес и информативните медиуми,

**Инсистирајќи** дека владите треба да ја препознаат општествената улога на медиумите во градењето на јавната доверба и довербата во демократските и отворени општества и потребата да се создаде поволна средина за работењето на слободни и независни медиуми, вклучително безбедно и транспарентно користење на технологијата и вештачката интелигенција,

The Ethical Journalism Network is a registered charity in England and Wales. Charity Number: 1166150
Company Registration Number: 08558686
Registered Address: International House, 36-38 Cornhill, London, EC3V 3NG

Мрежата за етичко новинарство е регистрирана добротворна организација во Англија и Велс.
Број на добротворната организација: 1166150
Број на регистрација на субјект: 08558686
Регистрирана адреса: Интернешнл хаус, 36-38 Корнхил, Лондон, EC3V 3NG

**Верувајќи** дека процесот на пристапување во ЕУ дава можности за земјите во Југоисточна Европа и Турција да го унапредат законодавството и да воведат регулаторна рамка за поддршка на слободен, независен и плуралистички медиумски пејзаж,

**Убедени** за важноста на само-рефлексијата на медиумите и потребата од зајакнување на посветеноста на новинарите и информативните медиуми кон основните принципи на етичко однесување и транспарентност,

**Го поздравува** развивањето на програми за самооценување, како што се Иницијативата за доверба во новинарството, коишто се засноваат на транспарентност, интеракција со јавноста и посветеност на информативните медиуми кон етичката мисија на новинарството,

**Се согласува за следново**:

Потребна е понатамошна акција за да се надгради вредната работа на Мрежата за етичко новинарство за самооценување и независна сертификација спроведена во контекст на проектот на УНЕСКО „Градење на доверба во медиумите во Југоисточна Европа: Поддршка на новинарството како јавно добро“, поддржан од страна на ЕУ. Работејќи на исполнувањето на таа цел, регионалната конференција ги дава следните препораки:

1. Медиумските организации во регионот дополнително да се охрабруваат да ја поддржуваат транспарентноста, етиката и веродостојната саморегулација преку самооценување и независно сертифицирање преку широко признати програми, како што е Иницијативата за доверба во новинарството;

2. Само-оценката и сертифицирањето треба да се применуваат и низ медиумската слика која го опфаќа и јавниот сервис;

3. Оваа форма на проценка и сертификација на квалитетно новинарство, транспарентност и стандарди треба да биде усвоена како критериум од страна на меѓународните тела, донаторите и националните власти при доделувањето поддршка за медиумите, јавни и приватни;

4. Потребно е да се обезбеди дополнителна помош со цел да им се помогне на медиумите, вклучително и на помалите информативни медиуми, за да ги подмират структурните трошоци за независна верификација на нивното новинарство од јавен интерес и систем за отчетност кон јавноста;

5. Процесите на самооценување треба да се ажурираат, онаму каде што е соодветно, за да се вклучи верификација на уредувачката одговорност и независност во употребата, управувањето и откривањето на дигиталните алатки во новинарството, особено оние кои се поврзани со употребата на генеративна вештачка интелигенција, во согласност со предлозите во прилогот кон оваа декларација;

6. Огласувачите и комерцијалните спонзори на информативните медиуми и агенциите за проверка на факти треба да се охрабрат да ја поддржат само-оценката и треба да бидат поттикнати да ги поддржат информативните медиуми кои ја прифаќаат оваа форма на транспарентност и саморегулација;

7. Спроведувањето на самооценување и независна сертификација, преку програми како што е Иницијативата за доверба во новинарството, да се воспостави како критериум при транспарентната распределба од страна на донаторите, јавните тела и меѓународните организации на јавните финансии на информативните медиуми кои се занимаваат со новинарство од јавен интерес;

8. Дигиталните платформи и технолошките компании треба самите да ја препознаат само-оценката и независната сертификација како индикатор за квалитетно новинарство и информации од јавен интерес и потенцијални партнери во справувањето со дезинформации и навредливи комуникации;

9. Дигиталните платформи, технолошките компании и социјалните медиуми треба да бидат обврзани да им дадат должно значење и преференцијален третман од алгоритмите на пребарувачите на информативните медиуми кои се саморегулираат на овој начин;

10. Дигиталните платформи и технолошките компании треба, со добра волја, да имаат интеракција со медиуми кои покажуваат усогласеност со барањата на широко признаените програми за саморегулација, како што е Иницијативата за доверба во новинарството, за да се избегнат навредливи суспензии или неоправдани ограничувања на нивната содржина и да се избегнат такви дејства во иднина;

11. Транспарентноста во информативните медиуми и новинарството преку самооценување и независна сертификација, треба да биде препознаена и поддржана од националната заедница за поддршка на медиумите, вклучително и телата за саморегулација на медиумите, како што се советите за етика во медиумите, кои треба да ги охрабрат сите медиуми од јавен интерес да усвојат такви механизми за отчетност.

ПРИЛОГ:

## Дополнителна изјава за интеграција на вештачката интелигенција во редакциите во Југоисточна Европа и Турција

- Целосно ги поддржуваме Насоките на УНЕСКО за управување со дигитални платформи: Заштита на слободата на изразување и пристап до информации преку пристап на повеќе засегнати страни; Препораките на УНЕСКО за етиката во вештачката интелигенција; Париската повелба за вештачка интелигенција; европскиот Закон за слобода на медиумите, Законот за дигитални услуги (ДСА) и Законот за вештачка интелигенција; и ги повикуваме платформите да се заложат за транспарентност, институционализирани проверки и баланс, отворено и достапно владеење и почитување на стандардите за човекови права.

- Ја поздравуваме употребата на вештачка интелигенција во редакциите, под услов да се воспостават јасни упатства и обука за нејзината употреба; да се обезбеди транспарентност кон јавноста; човечкиот надзор да се спроведува над содржината генерирана од вештачка интелигенција; и ризиците поврзани со вештачката интелигенција да се признаваат и адресираат.

- Настојуваме да имаме конструктивна интеракција со технолошките компании и бараме од дигиталните платформи да поттикнуваат конструктивни односи со медиумската заедница во нашите земји преку воспоставување на директни контакт точки или локални канцеларии и со давање приоритет на модерирањето на содржината од корисниците на локалните јазици и поддршка на иницијативите за медиумска писменост и етичко новинарство.

- Повикуваме на почитување на медиумските содржини и бараме употребата на медиумска содржина од пребарувачи со вештачка интелигенција да биде условена со дозвола од медиумите коишто ја продуцираат, наведување на оригиналниот извор и мерки на заштита од злоупотреба на содржината.

- Исто така, бараме правично споделување на приходите и мерки на заштита за користење на веродостојни содржини од модели на вештачка интелигенција, вклучително и правично споделување на приходите генерирани од таква содржина и цврсти мерки на заштита за да се спречи експлоатација, дезинформации или лажно претставување.

***Брисел, 3 декември 2024 година***